ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-320/9**

**Дата: 28.03.2011**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Општата болница Кавадарци (во натамошниот текст Општата болница) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние изразуваме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме мислење со резерва.

Со ревизија на залихите на лекови и медицински материјали констатирано е дека Општата болница со извршениот попис на залихата на лекови и медицински материјали, утврдила залиха на истите по одделенија која не е евидентирана, што има за ефект нецелосно искажување на залихите во финансиските извештаи за износ од 5.431 илјади денари.
Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да донесат и воспостават процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински материјали, како и воспоставување на сметководствена евиденција на залихата по одделенија. Заради комплетен увид во приемените количини, потрошокот и залихите на лековите и медицинските материјали, потребно е да се превземат мерки за софтверско интегрирање на материјалната евиденција на набавените лекови и медицински материјали,

потрошокот и залихите во болничката аптека, со материјалната евиденција на истите на ниво на одделенија како и со програмот за амбулантско и болничко работење, во кој се искажуваат пресметките за извршените здравствени услуги односно реалниот потрошок за извршени услуги по пациенти.

Општата болница нема определено лица или организациски облик за вршење на работите во врска со следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, поради што има превземено обврски над вредноста на склучените договори во износ од 4.398 илјади денари.
Ревизијата препорачува Работоводниот орган да назначи лице кое со следење на реализацијата на договорите ќе ја потврди доследноста на реализацијата на договорите во однос на количини и цени.

Општата болница склучила договор и извршила набавка на лек по цена која е за околу три пати повисока од референтната цена односно од цената која ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст ФЗОМ) и претставува максимален износ кој ФЗОМ го плаќа на Општата болница. Висината на понудената цена од страна на економскиот оператор е во рамките на утврдената единствена цена, која ја формира Бирото за лекови и до која правните лица кои вршат промет со лекови, се должни да ги продаваат лековите. Набавката на лекот продолжува и во текот на 2010 година.
Министерството за здравство и Бирото за лекови и ФЗОМ, како надлежните институции, потребно е за лековите каде постои значително отстапување помеѓу единствената и референтната цена, да ги преиспитаат утврдените цени, да ги утврдат причините за вака големите разлики и да превземат мерки и активности за нивно усогласување. Овие состојби треба да се имаат во предвид и при изработката на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, која на предлог на министерот за здравство треба да ја донесе Владата на РМ, заклучно со февруари 2011 година.

Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенија им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ. Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува потребата за постоење на болничка аптека во рамките на универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови. Ако се имаат во предвид Законот за здравствена заштита и Законот за лековите, ревизијата констатира дека законските одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките

во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установа.
Министерството за здравство и Бирото за лекови, како надлежните органи, потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно сите права и одговорности.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи, страна 18 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Општата болница, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општата болница за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Орце Ангеловски, в.д. директор и
- Ванчо Димов, в.д. директор.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи на кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општата болница се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитување докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот разгледува интерни контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислењето за ефикасноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.11.2010 до 23.12.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.09-320/1 од 22.02.2011 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица во Општата болница, одржан на ден 23.12.2010 година.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на управување со готовинските средства**

4.1.1. Општата болница нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на Општата болница и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по овој основ, ревизијата констатира ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, кој овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.
Ревизијата со спроведените детални тестирања не констатира неправилности во однос на законското и наменското располагање со готовинските средства.

**Процес на управување и евидентирање на залихите**

4.1.2. Општата болница нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на лекови и медицински материјали во рамките на болничката аптека - депото за лекови и на секоја организациона единица, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Воспоставената пракса не овозможува целосна контрола при прием, издавање, потрошок и евидентирање на лековите и медицинските материјали, што предизвикува ризик искажаните податоци во финансиските извештаи да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Општата болница и нивниот потрошок во текот на годината.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Општата болница да превземат мерки за донесување, воспоставување и непречена примена на интерни акти, кои ќе овозможат имплементирање на:
- процедури за евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната и
- процедури за приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицинските материјали заради точност, целосност и навременост на искажаните податоци.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Правилникот за систематизација на работните места во Општата болница, како акт со кој се уредува внатрешната организација и систематизација на работните места, не предвидува опис и попис на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Општата болница, што не е во согласно член 19 од Статутот на Општата болница. Некомплетноста на наведениот Правилник, придонесува за непостоење целосна поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.

Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството се јавни службеници.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Општата болница, актите за систематизација на работните места да ги усогласат со законот и подзаконските акти.

4.2.2. Со ревизија на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и плаќање на плати, ревизијата констатира одредени неправилности, кои не се во согласност со законските и подзаконските прописи и тоа:

- не е воспоставен систем на електронска евиденција на полното работно време, што не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи. Во 2010 година донесена е Одлука од Управниот одбор за набавка на систем на електронска евиденција на полното работно време, но до денот на ревизијата истиот не е набавен;
- не е извршено враќање на работничките книшки на вработените, односно истите претставуваат дел од персоналните досиеја на вработените, што не е во согласност со член 30 од Законот за работни односи и

- платата на работникот согласно Законот за работните односи и Колективниот договор за здравствената дејност се состои од основна плата, дел од платата за работна успешност и додатоците на плата. Вкупниот износ на додатоците на плата не може да изнесува повеќе од 20% од платата на работникот, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметката и исплата на платите во здравствената дејност. Дел од вработените во текот на еден месец од 2009 година остваруваат додатоци по повеќе основи - минат труд, работа во смени, ноќна работа, работа на дежурство, продолжена работа, работа во ден на неделен одмор, работа во празници, кои при пресметката и исплатата на платите го надминуваат утврдениот процент согласно Спогодбата. Во април 2010 година склучена е Спогодба за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност во која не се ограничува вкупниот износ на додатоците на плата, поради што ревизијата не дава препорака во однос на висината на додатоците на плата.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Општата болница да превземе активности за реализација на одлуката на Управен одбор за набавка на систем за електронско евидентирање на работното време, а до негово имплементирање да воспостави процедура за целосна евиденција и следење на присутноста на вработените како и да изврши поврат на работничките книшки на вработените.

4.2.3. Општата болница нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Општата болница нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

Правилникот за организација и систематизација на работните места на Општата болница предвидува Одделение за внатрешна ревизија. Во текот на 2010 година доставено е Барање до Министерството за финансии за обезбедување согласност за вработувања на две лица како внатрешни ревизори во редовен работен однос. До денот на ревизијата не е добиена согласност за вработување.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Општата болница да ги продолжи активностите за обезбедување согласност и вработување на внатрешни ревизори.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година, ревизијата констатира дека по извршениот попис на залихите на лекови и медицински материјали, утврдената залиха во одделенијата не е сметководствено евидентирана, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Имено, болничката аптека (депото за лекови), ги издава лековите и медицинските материјали по организациони единици/одделенија врз основа на требовање и испратници, согласно нивните потреби. При тоа во финансиската евиденција се врши намалување на залихата на ниво на Општата болница, иако истите не претставуваат и реален потрошок, односно се на залиха во одделенијата. Потрошокот на лекови и медицински материјали во одделенијата се искажува во пресметките за извршени услуги по пациенти врз основа на кои, од страна на одговорниот работник се врши намалување на залихата на лекови и медицинските материјали во материјалната евиденција на одделенијата. Ваквиот начин на евиденција придонесува залихите на лекови во финансиските извештаи да се искажани во помал износ од 5.431 илјади денари.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Општата болница да донесе и воспостави процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински материјали, нивно евидентирање како и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција и да превземе мерки и активности за интегрирање на софтверот за материјална евиденција на залихата на лекови и медицински материјали со софтверот за амбулантско и болничко работење односно со искажаниот потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги, со што ќе се овозможи согледување на реалното трошење и залихата на лековите и медицинските материјали.

4.3.2. Со ревизија на побарувањата за извршените здравствени услуги и нивната евиденција, утврдена е неусогласеност помеѓу приложените фактури и износот на евидентираните побарувањата по истите.

Имено, Општата болница во периодот од јануари до ноември 2009 година доставува фактури за извршени здравствени услуги со прилог спецификација до ФЗОМ, кој врши контрола на истите. За утврдените грешки, недостатоци и неправилности во документацијата за извршените здравствени услуги, ФЗОМ не доставува записник од извршената контрола што не е во согласност со член 28 и 29 од Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита. Општата болница корекциите на износот на побарувањата за извршените здравствени услуги ги врши без приложен Записник од страна на ФЗОМ, врз основа на усни укажувања од ФЗОМ, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на евидентирање на побарувањата за извршени здравствени услуги, без приложена веродостојна документација за извршените корекции од страна на ФЗОМ, придонесува неусогласеност на приложените фактури со искажаните побарувања во износ од 1.259 илјади денари.

Почнувајќи од ноември 2009 година за извршените корекции на искажаните побарувања, доставени се извештаи за усогласување со ФЗОМ (конечен извештај за ликвидирање на фактура).

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да превземат мерки за обезбедување на документацијата како прилог на извршените корекции и доказ за помалку искажаните побарувања за извршени здравствени услуги.

4.3.3. Со извршената анализа на финансиските извештаи на Општата болница констатиравме дека проценувањето на билансите позиции не е извршено согласно сметководственото начело на парично искажување. Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради што спроведени се несоодветни прикажувања на финансиските трансакции во тековната и во минати години и искажана е загуба од работењето во износ од 16.930 илјади денари.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Општата болница да донесат одлука за спроведување на вонреден попис со која ќе се утврдат активности, ќе се превземат мерки и ќе се дадат предлози за надминување на утврдените разлики и отстапувања на билансните позиции.

Одговорните лица во Економско-финансиската служба, проценувањето на билансните позиции да го вршат согласно сметководственото начело на парично искажување.

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 21 постапки од вкупно 45 спроведени постапки. Опфативме 71% од вредноста на склучените договори во износ од 73.369 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- планот за вкупните потреби за набавки по видови на стоки, услуги и работи во 2009 година, не е усогласен со утврдените извори за финансирање, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки,
- спроведени се постапки за јавни набавки, кои не се предвидени во Планот за јавни набавки во износ од 682 илјади денари, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки,
- при спроведување на отворените постапки за јавни набавки не се изготвува извештај за спроведената постапка за јавна набавка. Се изготвува само ранг листа на понудувачи, по која директорот врши избор на најповолен понудувач, што не е во согласност со член 142 од Законот за јавни набавки,
- одлуките за спроведените постапки за јавни набавки во 2008 година, не содржат износ на средствата потребни за реализација на набавката, што не е во согласност со член 28 точка 2 од Законот за јавни набавки. Ваквата состојба е надмината во 2009 година,
- во текот на 2008 и 2009 година, спроведени се отворени постапки за набавка на лекови и медицински потрошен материјал. За дел од лековите и медицинскиот потрошен материјал кои не се набавени со горенаведените постапки, одговорното лице за јавните набавки нема донесено одлука за поништување на дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка и нема доставено известување до Бирото за јавни набавки, што не е во согласност со член 169 и член 170 од Законот за јавни набавки. За овие лекови и медицински материјали, Општата болница спроведува друга постапка за набавка на истите, во износ од 4.131 илјади денари,
- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки и
- не е воспоставено следење на реализација на договорите за јавна набавка, поради што Општата болница има превземено обврски над вредноста на склучените договори, во вкупен износ од 4.398

илјади денари (Прилог 1). Утврдената состојба не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки.

Ваквата состојба предизвикува можност од необезбедување фер конкуренција, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Општата болница да ги задолжи вработените, одговорни за планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување.

4.4.2. Општата болница во текот на 2009 година има ангажирано 6 лица (хигиеничари и болничари) по договор за привремени вработувања за извршување на работи и работни задачи од редовен работен однос, што не е во согласност со член 4 од Законот за Агенциите за привремени вработувања, согласно кој привремените вработувања се вршат во случај на замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа или сезонска работа, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на субјектот. Во текот на 2009 година за оваа намена исплатени се 540 илјади денари. Иако во месец јануари 2009 година добиена е согласност за вработување на 11 лица (доктор по медицина, медицински сестри, болничари и хигиеничари), истата не е реализирана. Ангажирањето на лица согласно наведениот закон остава простор за субјективно одлучување при избор на лицата и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.

**Препорака:**

Општата болница вработувањето на лицата за работи и работни задачи од редовен работен однос да го врши согласно постапката утврдена во Законот за јавните службеници, а привремените вработувања со склучување на Договор за отстапување на работник за вршење на привремени работи со Агенцијата за привремени вработувања, за време додека трае потребата, но не подолго од една година.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.3.1., 4.3.2. и 4.3.3, е не извршена евиденција на залихата на лекови и медицински материјали утврдени со попис по организационите единици во износ од 5.431 илјади денари, неусогласеност помеѓу евидентираните побарувањата за извршени здравствени услуги и приложените фактури во износ од 1.259 илјади денари, како и не примена на сметководственото начело на парично искажување и искажување на загуба од работењето во износ од 16.930 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1., 4.3.2. и 4.3.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општата болница Кавадарци на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општата болница Кавадарци, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствените установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за пружање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),
- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, (член 111 од Законот за здравствена заштита) и
- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатираме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно сите права и одговорности.

Имајќи во предвид дека во здравствените установи најголемиот дел од набавките се однесува на лекови и медицински материјали, потребно е во статутот и актот за организација на работата, да се предвидат посебна организациона единица, како и работни места, со соодветна стручна спрема, со работни задачи околу снабдување, сместување, чување, издавање и контрола на лекови.

Во текот на 2008 година од страна на Директорот на Општата болница поднесено е барање бр.04-621/1 од 18.11.2008 година до Министерство за здравство за вработување на дипломиран фармацевт и е добиена согласност, но до денот на ревизијата не е вработено лице.

6.2. Плаќањето на здравствените услуги од страна на ФЗОМ се врши во висина на вкупниот надоместок утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита, кој за 2009 година за Општата болница изнесува 114.744 илјади денари. Во текот на 2009 година, Општата болница извршила здравствени услуги за осигурени лица во износ од 164.608 илјади денари, односно извршила здравствени услуги за 49.864

илјади денари над договорениот надоместок, кои не се платени од страна на ФЗОМ.

Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој ФЗОМ го исплаќа за извршени здравствени услуги, Општата болница ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на ФЗОМ, поради што износот на доспеани неплатени обврски кон добавувачите се наголемува, се намалува ликвидноста и ќе се доведе во прашање нејзиното функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

6.3. Општата болница во 2009 година склучила договор за набавка на лек (Bonviva) по цена од 6.617 денари. Правните лица кои вршат промет со лекови се должни да ги продаваат лековите до висина на утврдените единствени цени, формирани од страна на Бирото за лекови, во согласност со Законот за лековите и медицинските помагала. Единствената цена за набавка на наведениот лек, утврдена од страна на Бирото за лекови, изнесува 7.667 денари. Од друга страна, утврдената референтна цена од ФЗОМ, со одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, која претставува максимален износ кој ФЗОМ го обезбедува односно плаќа на Општата болница, изнесува 2.324 денари. Поради набавка на лекот по цена која е за околу три пати повисока од референтната цена, Општата болница во текот на 2009 година има превземено обврски во повисок износ за 223 илјади денари. Набавката на лекот по наведената цена продолжува и во текот на 2010 година.

Ревизијата смета дека надлежните институции Министерството за здравство, Бирото за лекови и ФЗОМ, потребно е за лековите каде постои значително отстапување помеѓу единствената и референтната цена, да ги преиспитаат утврдените цени, да ги утврдат причините за вака големите разлики и да превземат мерки и активности за нивно усогласување. Овие состојби треба да се имаат во предвид и при изработката на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, која на предлог на министерот за здравство треба да ја донесе Владата на РМ, заклучно со февруари 2011 година.

6.4. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. Со ден 31.12.2009 година Општата болница има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 3.639 илјади денари.

## 7. Нагласувања на прашања од неизвесност

7.1. Министерството за здравство и Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ утврдуваат најниска плата за најнизок степен на сложеност, согласно член 59 од Колективниот договор за здравствената дејноста на РМ, со потпишување на Спогодба за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност (во натамошниот текст Спогодба).

Во мај 2006 година потпишаната е спогодба, согласно која најниската плата за најнизок степен на сложеност изнесува 3.400 денари.

Во септември 2007 година потпишана е спогодба, согласно која најниската плата за најнизок степен на сложеност изнесува 3.740 денари.

Во период од месец септември 2006 година до месец август 2007 година извршена е корекција на вредноста на најниската плата, истата е намалена, по која е вршена пресметка и исплата на платата на вработените. За ваквото намалување не е потпишана спогодба, што не е во согласност со горенаведениот колективен договор.

Поради надминување на наведената состојба, Министерството за здравство и Самостојниот синдикат на почетокот на 2009 година постигнале согласност за исплата на разликата за помалку исплатените плати. Со допис, Министерството за здравство ги известува сите јавни здравствени установи за исполнување на обврските согласно Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.

Согласно потпишана спогодба, Општата болница има обврска на вработените да им исплати разлика за помалку исплатена плата во износ од 1.840 илјади денари. Во текот на 2009 година склучена е Спогодба со Синдикалната организација за исплата на разликата на 12 месечни рати почнувајќи од 01.01.2011 година. Исплатата на разликата во плати на вработените е неопходност, во спротивно вработените своето право ќе го

остваруваат по судски пат, што би предизвикало одлив на дополнителни финансиски средства на Општата болница.

7.2. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на обврските на Општата болница, и тоа:
- 5 судски постапки во кои тужена страна е Општата болница по основ на надомест на штета и за право од работен однос во износ од 2.762 илјади денари и
- 2 судски постапки во кои тужител е Општата болница по основ на неисполнување на обврски по договор за специјализација и иницирање на управен спор, во износ од 6.517 илјади денари.

7.3. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Општата болница во текот на ревизијата:
- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2009 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2009 година. Исправките се спроведени со налози за книжење број СТО/8 и СТО/9 од 23.12.2010 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 13,870 | 6,106 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 116,093 | 131,050 |
| **Вкупно приходи** | | **129,963** | **137,156** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 85,134 | 72,604 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 43,259 | 60,127 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.3.3. | - | 2,081 |
| Каматни плаќања | 3.4. | 203 | 2 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **128,596** | **134,814** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.5. | 1,489 | 1,211 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,489** | **1,211** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **130,085** | **136,025** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи** | | - | **1,131** |
| | | | |
| **Непокриени расходи** | | **122** | - |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3 | 1,251 |
| Побарувања | 4.1.2. | 3,991 | 252 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 6 | 6 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.4. | 2 | 604 |
| Побарувања од вработените | 4.1.5. | 212 | 168 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 35,668 | 24,234 |
| Залихи | 4.1.7. | 1,779 | 2,156 |
| **Вкупно тековни средства** | | **41,661** | **28,671** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2. | 93,561 | 86,351 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2. | - | 205 |
| **Вкупно постојани средства** | | **93,561** | **86,556** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.3. | **16,930** | **16,793** |
| **Вкупна актива** | | **152,152** | **132,020** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 28,633 | 19,121 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.4.2. | 2 | 2 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.3. | 212 | 185 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.4. | - | 11 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.4.5. | - | 3 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.6. | 7,035 | 5,688 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.7. | 3,998 | 1,378 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **39,880** | **26,388** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 112,272 | 105,632 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **112,272** | **105,632** |
| **Вкупна пасива** | | **152,152** | **132,020** |